# ПРЕПОРАКИ ДО ГРАЃАНИТЕ

|

Согласно Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за гранични вредности за нивоа и видови на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух и прагови на алармирање,(Службен весник на РМ бр.183 /2017) во која е дефиниран **прагот на информирање** на суспендирани честички со големина до 10 микрометри и врз основа на добиената временска прогноза од Управата за хидрометеоролошки работи,Ве информираме дека истиот е надминат на мерното место во Кочани во деновите 25.12.2021 и 26.12.2021 година.

Во случај на надминување на прагот на информирање за суспендирани честички со големина до 10 микрометри PM10 (2 два последователни дена, со среднодневни концентрации над 100 µg/$m^3$) како надлежни на локално ниво **препорачуваме** мерки за намалување на загаденоста и тоа:

- Да се користи јавниот превоз
- Возила да не се користат без поголема потреба
- Повеќе лица да се возат со едно возило во исто време
- Да не се користи за затоплување на простории прегорено отпадно масло, лакирани или обоени отпадоци од дрво и мебел, стиропор, ПЕТ амбалажа, парчиња гума и било каков синтетички материјал
- Правилно да се користат печките за дрва

Во ваков случај Министерството за здравство и Институтот за јавно здравје ги даваат следните **препораки:**

Ограничени движења и активности на отворен простор на најранливата популација (деца, стари лица, болни од хоронични болести на белодробниот и срцевиот садовен систем, со посебен ризик за болните од белодробна астма), но и за лицата кои својот професионален ангажман го обавуваат на отворен простор.

Општина Кочани